# С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**30.12.2014 год.** **Бр.XVII**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.гласник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на актите донесени на 29-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 30.12.2014 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 29-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 30.12.2014 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1057/1 од 30.12.2014 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**Ѓорги Дамчески, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на Р.М." бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ.” бр.61/2004; 96/2004; 67/07; 156/09 и 47/11) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Крушево ("Службен гласник на Општина Крушево бр. 1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 30.12.2014 година, донесе:

***О Д Л У К А***
***за извршување на Буџетот на Општина Крушево за 2015 година***

**Член 1**

Буџетот на Општина Крушево за 2015 година (во понатамошниот текст Буџет), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

**Член 2**

Буџетот на општината се состои од: Основен буџет; буџет на самофинасирачки активности; буџет на донации; буџет на дотации и буџет на кредити (заеми).

**Член 3**

Извршувањето на Буџетот опфаќа наплата и евидентирање на приходи и други приливи во согласност со Закон и планот за приходите, како и извршување на плаќања во согласност со одобрени средства.

**Член 4**

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**Член 5**

Расходите утврдени со Буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на Општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 6**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот Буџет на општината.

Доколку во текот на извршувањето на буџетот, Градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапуваат од планот, предлага на Советот на општината изменување и дополнување на буџетот.

**Член 7**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

При донесување на одлука за измена на распоредот на средствата во буџетот на општината во рамки на одобрените буџети (пренамена), одобрените средства со буџетот на ниво на ставка во рамки на потпрограма и буџет, не може да бидат намалени повеќе од 20 % со прераспределби во тековната фискална година. Исклучок од ова правило се средствата кои се однесуваат на спроведување на налози за извршување по основ на присилна наплата. Исто така одобрените средства за плати и надоместоци во рамките на буџет не може да се зголемат со прераспределба повеќе од 10 %.

**Член 8**

Буџетските корисници во услови кога во Буџетот на самофинасирачки активности; Буџетот на донации и/или Буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/ зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 9**

Буџетските корисници по усвојувањето на Буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финасискиот план по месеци.

**Член 10**

Исплатата на платите на вработените од локалните јавни установи ќе се финансираат од блок-дотациите од општинскиот буџет под контрола и одобрување на Министерство за финансии.

Локалните јавни установи се должни три дена пред исплатата на платите до Општината да достават Барања за одобрување на средства за плати и надоместоци кои ќе ги приложат обрасците ПДД-МП и МП-1, копија од рекапитулација за пресметани бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто плата како и други податоци во пишана и електронска верзија за односниот месец за кој се однесува исплатата.

Во случај на нови вработувања буџетските корисници од локалните јавни установи кои ќе се финансираат со блок-дотации од општинскиот буџет се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

По извршената контрола согласно планираните средства во буџетот на општината, Градоначалникот на Општината одделните пресметки на локалните јавни установи ги доставува до ресорното Министерство од кое се трансферира блок-дотацијата. Во образецот Ф1 локалните јавни установи потребно е да отворат нова колона која ќе го означува статусот на институциите, односно ќе се стави буквата Л, што ќе означува-локални јавни установи кои се финансираат од буџетот на општината.

**Член 11**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот, односно бруто платите се утврдуваат за:

- избраните и именуваните лица појдовната основа за еден коефициент изнесува 26.755,00 денари, согласно законот за плати и други надоместоци на избраните и именуваните лица во Република Македонија.
- за вработените кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на бруто платите изнесува 76,8 денари;
- за вработените во општинската администрација кои немаат статус на Државни службеници, платите се утврдуваат во бруто износ од 2014 година;
- за вработените во локалните јавни установи платите се утврдуваат според критериуми на соодветните министерства;
- за вработените во противпожарната единица платите се утврдуваат во бруто износ од 2014 година;

**Член 12**

Сметката за мобилен телефон на Градоначалникот на Општина Крушево се ограничува на 4.000,00 денари без претплата и ДДВ, вклучувајќи и користење на картичка од АД „ОНЕ“.

На ТППЕ Крушево се одобрува користење на службен мобилен телефон со ограничување на висината на сметката до 800,00 денари плус претплата и ДДВ.

На раководителите на одделенијата во општинската администрација им се одобрува користење на мобилен телефон со ограничување на износот на сметката до 800,00 денари плус претплата и ДДВ.

На советниците за мобилен телефон им се одобрува користење на мобилен телефон со ограничување на износот на сметката од 800,00 денари плус претплата и ДДВ.

Користење на мобилен телефон се одобрува и за возачот на градоначалникот, Самостоен референт-архивар и Советник за јавни набавки со ограничување на износот на сметката до 800,00 денари плус претплата и ДДВ.

Користење на мобилен телефон се одобрува на раководителите на буџетските корисници кои се финансираат од блок-дотации во износ од 1.500,00 денари плус претплата и ДДВ.

**Член 13**

Надоместокот за дневница за службено патување во Републиката без трошоците за ноќевање изнесува 800,00 денари.

Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.

За патување во траење од 8-12 часа се исплатува 50 % од утврдениот износ во ставот 1 од овој член.

Надоместокот за регрес на годишен одмор се исплатува во согласност со одредбите од колективниот Договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа во Р.М. (“Сл.весник на Р.М.” бр.53/95, 11/98 и 28/09) според податоците објавени од државниот завод за статистика на Република Македонија.

**Член 14**

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, на вработениот во општината и локалната јавна установа му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

**Член 15**

Во случај на смрт на вработениот во општината и локалната јавна установа, на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од две последни испплатени просечни месечни плати во органот каде што бил вработен работникот, но не повеќе од 30.000,00 денари.

На вработениот во општината и локалната јавна установа, во случај на смрт на член во потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување), доколку живеел во заедница, му припаѓа парична помош во висина на една последна исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен, но не повеќе од 15.000,00 денари по семејство.

Живеењето во заедница подразбира вработениот во општината и локалната јавна установа и членот на потесното семејство да се со место на живеење на иста адреса што се докажува со документ за идентификација (лична карта или пасош).

Надоместоците од ставовите 1 и 2 на овој член се исплатуваат по претходно доставено барање во тековната, односно во наредната година.

Сите исплати на погоре наведените надоместоци се вршат врз основа на претходно оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на Градоначалникот на Општината по програма ДО Градоначалник, подставка 413 110-тековни резерви (разновидни расходи).

**Член 16**

Надоместокот што го примаат членовите на Советот на Општина Крушево за учество во работа на Советот на Општината му се исплатува истовремено со исплатата на платите на вработените во општинската администрација, во висина од 40% од просечната месечна нето плата во Република Македонија, исплатена во претходната година.

На претседателот на Советот на Општината за раководењето и организирањето на работата на Советот се зголемува за 30% од надоместокот утврден во став 1 на овој член.

**Член 17**

Користењето на средствата од Буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се набавуваат со фактури во кои поебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврда и во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи до **6.000,00 денари** каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 18**

За средствата утврдени во Буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот. За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

**Член 19**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 20**

Буџетските корисници можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедни средства во Буџетот на општината. За обезбедените средства Градоначалникот на општината дава писмено известување за обезбедените средства, по претходно дадено позитивно мислење од Министерството за информатичко општество и администрација на актите за систематизација.

**Член 21**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Поврат на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 22**

Буџетот на Општина Крушево се извршува од 01.01.2015 до 31.12.2015 год.

**Член 23**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Крушево", а ќе се применува од 01.01.2015 година.

**Бр.07-1030/5 од 30.12.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 7 а. од Законот за платен промет ("Сл.весник на Р.М." бр.32/2001; 50/2001; 52/2001; 103/2001; 37/2002; 41/2002; 61/2002; 42/2003 и 13/2006) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 30.12.2014 година, донесе :

**О Д Л У К А**
***за утврдување на благајнички максимум за 2015 година***

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на благајничкиот максимум на средства кои може да се чуваат во општинската каса на Општина Крушево, за 2015 година.

**Член 2**

Висината на благајничкиот максимум за 2015 година се утврдува во износ од 20.000,00 денари.

**Член 3**

Учесникот во платниот промет може за плаќање во готово да подига од сметките и да држи во својата благајна пари во готово во висина на благајничкиот максимум.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07-1030/6 од 30.12.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Нико Чонески, с.р. Крушево.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре.бр. стр.
1.Заклучок за објавување на актите донесени на 29-та седница на Советот на Општина Крушево ..............................................................................1
2. Буџетски календар на Општина Крушево за 2015 година ......................................................
3. Буџет на Општина Крушево за 2015 година...............................................................
4. Одлука за извршување на буџетот на Општина Крушево за 2015 година ..................
5. Одлука за утврдување на благајнички максимум за 2015 година ...................................

Редакциски одбор на Општина Крушево.